СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата
На ваша страна

Врз основа на член 16 - 27 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на РСМ" бр. 42/20, 294/21 и 101/25), го поднесувам следното:

# БАРАЊЕ
## за остварување права на субјект на лични податоци

### 1. Контакт податоци на Барател

Име и презиме:
ЕМБГ:
Домашна адреса:
Е-пошта:
Телефонски број:

### 2. Доказ за идентитет

Банката нема да биде во можност да одговори на Вашето барање доколку не сме во можност соодветно да Ве идентификуваме. Затоа Ве молиме, при поднесувањето на Барањето во Филијалата на Банката, да приложите на увид соодветен и важечки документ за идентификација, со цел овластените лица на Банката да го потврдат Вашиот идентитет.

### 3. Кои права ги барате?

Согласно Законот за заштита на личните податоци, барам (да се заокружи):

i. Право на пристап – потврда од Банката дали се обработуваат лични податоци за мене и доколку се обработуваат, пристап до информациите предвидени согласно (чл. 19 од Законот за заштита на лични податоци)

ii. Право на исправка на неточни лични податоци кои ги обработува Банката (чл. 20)

iii. Право на бришење („право да се биде заборавен“) – барам Банката да ги избрише моите лични податоци кои ги обработува (чл. 21)

iv. Право на ограничување на обработката (чл. 22)

v. Право на преносливост на податоците (чл. 24)

vi. Право на приговор против обработката на личните податоци (чл. 25), вклучително и приговор против автоматизирано донесување на поединечни одлуки (чл. 26)

*Напомена: Со цел да одговориме брзо и ефикасно, Ве молиме наведете што е можно повеќе детали за вашето Барање во празниот простор подолу (на пр. за каква потреба се работи, дали и кои лица од Банката се инволвирани, за кој тип на лични податоци станува збор, во кој временски период била обработката што ве интересира, за каков тип на производ или услуга се работи, за кој тип на документ или извештај се однесува, во кои деловни простории или локација на Банката се случил настанот и сл.). Доколку има потреба, ќе Ве контактираме дополнително. Ќе одговориме на Вашето барање, откако ќе го потврдиме Вашиот идентитет*

Филип Втори Македонски бр. 6, 1000 Скопје, Република Северна Македонија | тел. 02 3295-295
SWIFT CODE: STOBMK2X | EMBS 4065549 | e-mail: sbank@stb.com.mk | www.stb.com.mk

*и ќе ги имаме сите неопходни информации за да отпочнеме со обработка на Вашето барање, но не подолго од 30 дена од денот на поднесувањето освен во исклучителни ситуации за што дополнително ќе бидете известени.*

4. **Изјава за вистинитост**

Јас, долупотпишаниот/та, под полна кривична, материјална и морална одговорност изјавувам дека податоците наведени во Барањето се вистинити и јас сум лицето кое е Барател и потписник на Барањето.

Целосно разбирам дека Банката мора да го потврди мојот идентитет пред да одговори на Барањето и може да ме контактира за дополнителни појаснувања. Информиран/а сум дека бараните информации Банката ќе ги обезбеди без надоместок, освен во случај кога Барањата се очигледно неосновани или прекумерни, особено ако се повторуваат истите барања. Во овие случаи Банката или ќе одбие да постапи по Барањето или ќе наплати надоместок имајќи ги предвид обемот, сложеноста и времето потребно за обезбедување на информацијата или постапувањето по Барањето, за што соодветно ќе бидете известени.

Потпис на Барател: _____________ Примил: ____________

Датум: ______________ Филијала: ____________

Место: ______________